# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став 5 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија“, бр. 110/07, 20/09, 17/11, 148/11 и 69/13) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДЕКЛАРАЦИЈАТА И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОЗНАЧУВАЊАТА НА ЃУБРИЊАТА (*) 1

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на декларацијата и поблиските услови за квалитет и означувањата на ѓубрињата.

## Член 2

Поимите кои се употребени во овој правилник го имаат следното значење:
1. „ **Декларирање** “ е процес на определување и презентирање на количините на хранливи состојки вклучително со нивните форми и растворливост, гарантирани со наведените толеранции;
2. „ **Означувањето на ѓубрињата** “ е опис (податоци-информации) наменети да го информираат потрошувачот на хранливите елементи на ѓубрето;
3. „ **Збир на пакување** “ е пакување кое содржи две или повеќе количина и содржина на исти по единечни ѓубрива;
4. „ **Серија** “ е единица на ѓубре во промет кое е преработен или спакуван под исти услови и во исто време;
5. „ **Декларирана содржина** “ означува содржина на елемент или негов оксид даден на етикета на ѓубрето или на соодветен придружен елемент и
6. „ **Состојка** “ е елемент наброен во опаѓачки редослед според тежината која била евидентирана при нивното користење во производството на ѓубрето.

## Член 3

(1) Поставување на декларацијата треба да биде во согласност со видот на ѓубрето, биостимулатор и подобрувач на почвата и големината на пакувањето.

(2) Кај ѓубрето, биостимулаторите и подобрувачите на почвата кои се пакувани во пакувања поголеми од 20 кг декларацијата треба да биде сошиена на врећата.

(3) Кај ѓубрето, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата кои се пакувани во пакувања помали од 20 кг, декларацијата треба да биде дополнително залепена или додадена, при што да се обезбеди дека истата не може да биде заменета.

## Член 4

(1) Декларацијата за секое ѓубре, биостимулатор и подобрувач на почвата особено содржи податоци за :
- трговско име на ѓубрето;
- вид на ѓубрето;
- тип на ѓубрето;

- назив на производителот;
- адреса на производителот и земја на потекло;
- назив на увозникот;
- седиште на увозникот;
- број на решение за увоз на ѓубрива;
- број на решение за производители на ѓубрива;
- физички својства на ѓубрето;
- хемиски состав на ѓубрето;
- дополнителни елементи на ѓубрето;
- датум на производството;
- рок на употреба;
- земја од која се увезува и
- предупредување за опасност при употреба.

(2) Декларацијата се печати на бела хартија со А/4 формат.

(3) Формата и содржината на декларацијата е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 5

При увоз на ѓубрето кон декларацијата се приложуваат и следните документи;
- упатството за употреба на ѓубрето;
- упатството за одржување на ѓубрето и
- изјавата на производителот за усогласеноста на ѓубрето со пропишаните услови.

## Член 6

Ако ѓубрето е произведено во согласност со генетски модифицирани организми се означува со ознаката „генетски модифицирано ѓубре" или „произведен од ГМО".

## Член 7

(1) Означувањето на состојките на ѓубрињата се врши со ознаката „состојки" во кои е вклучен список на сите состојки наброени во опаѓачки редослед според тежината што била евидентирана при нивното користење во производството на ѓубрето.

(2) Во списокот на состојки на течните ѓубриња се наведува и додадената вода и производи што испаруваат според нивната тежина во готовиот производ.

## Член 8

(1) Рокот на траење на ѓубрето се означува со ознаките:
- „ **Употребливо до** " кога датумот го вклучува и означениот ден и
- „ **Употребливо до крајот на** " во други случаи.

(2) Кај ѓубрето се означува и описот на условите за чување на ѓубрето ако ѓубрето може да се чува определен период.

(3) Датумот од став (1) на овој член се означува со ден, месец и година во некодирана хронолошка форма.

## Член 9

(1) Серијата се означува јасно на видно место на пакувањето,

(2) Серијата не треба да се означи ако на амбалажата е ставен рокот за употреба кој го содржи и денот и месецот редоследно.

## Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.17-59/3 | Министер за земјоделство, |
| 24 јуни 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски** , с.р. |

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

Трговско име на ѓубрето:

Вид на ѓубрето:

Тип на ѓубрето:

Назив на производител:

Адреса на производител и земја на потекло:

Земја од која се увезува:

Назив на Увозникот:

Седиште на Увозникот:

Број на решение за увоз на ѓубриња:

Број на решение за производители на ѓубриња:

Физички својства на ѓубрето:

Хемиски состав на ѓубрето:

Дополнителни елементи на ѓубрето :

Пакување:

Датум на производство:

Рок на употреба :

Земја од која се увезува:

Предупредување за опасност при употреба :